# ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ – Отворен Инвестициски Фонд

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за периодот кој завршува на 30 јуни 2018,**
**со извештај на независните ревизори**

**Скопје, август 2018**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 30 јуни 2018
## со извештај на овластените ревизори

## СОДРЖИНА


**Извештај на независниот ревизор** **3 - 4**

**Финансиски извештаи**

Биланс на состојба или Извештај за нето имотот на Фондот 5
Биланс на успех или Извештај за добивки и загуби на Фондот 6
Извештај за промени во нето имотот на Фондот 7
Извештај за парични текови 8
Белешки кон финансиските извештаи 9

1.Основни податоци
2.Основи за составување на финансиските извештаи
3.Основни сметководствени политики и проценки
4.Финансиски показатели по удели во Фондот
5.Извештај за структура на вложувањата на Фондот
6.Структура на вложувањата на Фондот по видови на имот
7.Структура на обврските на Фондот по видови на инструменти
8.Извештај за реализираните добивки (загуби) на фондот
9.Извештај за нереализираните добивки (загуби) на фондот
10-а.Трансакции на Фондот со поврзани субјекти
10-б.Приходи и расходи со поврзани субјекти
11.Трансакции со имотот на Фондот преку овластени учесници
12.Движење на нето вредноста на фондот за периодот

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До**
**Друштвото за управување со Отворениот Инвестициски Фонд**
**ИЛИРИКА ГЛОБАЛ – РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ (ГРП)**

*Извештај за меѓупериодиските финансиски извештаи*

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Отворен Инвестициски Фонд ИЛИРИКА ГЛОБАЛ- РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ (ГРП)-(Фондот), што ги вклучува Извештајот за нето имотот на Фондот заклучно со 30 јуни 2018 година, Извештајот за добивките и загубите на фондот и Извештајот за промените на нето имотот на фондот за периодот што завршува тогаш, како и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за меѓупериодиските финансиски извештаи*

Раководството на Фондот е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за Инвестициски Фондови и Меѓународните стандарди за финансиско известување, преведени и објавени во Република Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие меѓупериодиски финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во меѓупериодиските финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на меѓупериодиските финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективното презентирање на меѓупериодиските финансиските извештаи на Фондот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Фондот.

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР- продолжува**

Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на меѓупериодиските финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, меѓупериодиските финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Отворен Инвестициски Фонд ИЛИРИКА ГЛОБАЛ- РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ (ГРП)- (Фондот) заклучно со 30 јуни 2018 година, како и неговата финансиска успешност за периодот што заврши тогаш во согласност со законската регулатива применлива за инвестициски фондови во Република Македонија.

Тетово, 24 август 2018 година

Овластен ревизор

Душко Апостоловски

"БЕНД" Ревизија и Консалтинг
д.о.о - Тетово
Управител
Апостоловски Душко

Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД НА ДЕН 30.06.2018

### ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ - отворен инвестициски фонд

| **позиција на имотот / во МКД** | **30.06.2017** | **30.06.2018** |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 601,251 | 349,194 |
| Вложувања во хартии од вредност и депозити | 50,623,474 | 64,506,890 |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 50,623,474 | 64,506,890 |
| **ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | | |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | 263,306 | 106,402 |
| Побарувања по основ на камата и останати средства | 6 | 4 |
| **Вкупно средства** | **51,488,036** | **64,962,490** |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ** | | |
| Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати обврски | (138,096) | (116,525) |
| ОСТАНАТИ ОБВРСКИ | | |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | (455,583) | (164,280) |
| Обврски кон депозитарната банка | (14,852) | (19,095) |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот | (17,472) | (20,328) |
| Обврски по основ на исплата на имателите на удели | (124,500) | (13,363) |
| Останати обврски | (3,000) | (2,697) |
| Обврски по основ на пресметана камата | | |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **(753,503)** | **(336,288)** |
| | | |
| **Нето имот на фондот** | **50,734,534** | **64,626,202** |
| | | |
| **Број на издадени удели** | 791,930.6555 | 962,027.6780 |
| | | |
| **Нето имот по удел** | **64.0644** | **67.1771** |
| | | |
| Издадени удели на инвестицискиот фонд | 122,681,883 | 143,910,542 |
| Повлечени удели на инвестицискиот фонд | (57,129,644) | (65,069,567) |
| Добивка/загуба во тековната финансиска година | 197,005 | (572,675) |
| Задржана добивка/загуба од претходните периоди | (15,014,711) | (13,642,098) |
| **Вкупно обврски спрема изворите на средства** | **50,734,534** | **64,626,202** |

**Скопје,август 2018 година**

**Главен Извршен Директор**

**Коста Костадиновски**

ILIRIKA

**ИЛИРИКА ГЛОБАЛ-РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ – отворен инвестициски фонд**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА НА ФОНДОТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2018 до 30.06.2018**

**ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ - отворен инвестициски фонд**

| **Позиција / во МКД** | **30,06,2017** | **30,06,2018** |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | |
| Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | 221,711 | 1,618,322 |
| Приходи од камата и амортизација на премија (дисконт) на средствата со фиксно доспевање | 29 | 192 |
| Позитивни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | 36,875 | 88,329 |
| Приходи од дивиденди | 771,268 | 614,897 |
| Останати приходи | 306,766 | 42,169 |
| **Вкупно приходи од вложувања** | **1,336,649** | **2,363,910** |
| **РАСХОДИ** | | |
| Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | (7,915) | |
| Негативни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | (49,357) | (72,936) |
| Расходи од односите со друштвото за управување | (1,856,939) | (1,376,233) |
| Расходи од камати | | |
| Надоместок на депозитарната банка | (87,071) | (113,175) |
| Трансакциски трошоци | (60,023) | (120,649) |
| Останати дозволени трошоци на фондот | (404,634) | (150,349) |
| **Вкупно расходи** | **(2,465,939)** | **(1,833,342)** |
| **Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност** | **(1,129,290)** | **530,568** |
| **НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | |
| Нереализирани добивки (загуби) на вложувањата во финансиски инструменти | 4,021,624 | (2,042,507) |
| Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | (2,695,328) | 939,265 |
| **Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | **1,326,295** | **(1,103,243)** |
| **Нето зголемување (намалување) на нето имотот од работењето на фондот** | **197,005** | **(572,675)** |

**Скопје,август 2018 година**

**Главен Извршен Директор**

**Коста Костадиновски**

ILIRIKA

## ИЛИРИКА ГЛОБАЛ-РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ – отворен инвестициски фонд

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА НЕТО-ИМОТОТ ЗА ПЕРИОДОТ од 01.01.2018 до 30.06.2018**

**ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ - отворен инвестициски фонд**

| **позиција / во МКД** | **30,06,2017** | **30,06,2018** |
|---|---|---|
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО-ИМОТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ** | | |
| Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност | (1,129,290) | 530,568 |
| Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 1,326,295 | (1,103,243) |
| **Зголемување (намалување) на нето-имотот од работењето на фондот** | **197,005** | **(572,675)** |
| Приливи од продажба на издадени документи за удел/ акции на фондот | 5,755,232 | 7,917,410 |
| Одливи од повлекување на удели / акции на фондот | (2,576,080) | (6,362,140) |
| **Вкупно зголемување (намалување) од трансакции со удели / акции на фондот** | **3,179,152** | **1,555,270** |
| **Вкупно зголемување (намалување) на нето имотот** | **3,376,158** | **982,596** |
| **НЕТО ИМОТ** | | |
| На почетокот на периодот | 47,358,376 | 63,643,607 |
| На крајот на периодот | 50,734,534 | 64,626,202 |
| **БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ УДЕЛИ / АКЦИИ НА ФОНДОТ** | | |
| Издадени удели / акции на фондот во периодот | 1,870,976 | 2,157,391 |
| Повлечени удели / акции на фондот во периодот | (1,079,045) | (1,195,363) |
| **БРОЈ НА УДЕЛИ / АКЦИИ НА ФОНДОТ** | **791,930.6555** | **962,027.6780** |

**Скопје,август 2018 година**

**Главен Извршен Директор**

**Коста Костадиновски**

ILIRIKA

**ИЛИРИКА ГЛОБАЛ-РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ – отворен инвестициски фонд**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2018 до 30.06.2018**
**ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ - отворен инвестициски фонд**

| **Позиција во МКД** | **30,06,2017** | **30,06,2018** |
|---|---|---|
| Добивка или загуба | 197,005 | (572,675) |
| Приходи од камата | (29) | (192) |
| Приходи од дивиденда | (771,268) | (614,897) |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во преносливи хартии од вредност | (3,627,169) | (851,555) |
| Приливи од камата | 29 | 192 |
| Приливи од дивиденда | 771,268 | 614,897 |
| Зголемување (намалување) на останатиот имот | (197,949) | (65,052) |
| Зголемување (намалување) на обврските по основ вложувања во финансиски инструменти | 138,096 | 116,525 |
| Зголемување (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозитарната банка | 127,812 | (131,882) |
| Зголемување (намалување) на останатите обврски од редовното работење | 120,012 | 13,125 |
| **Паричен тек од редовното работење** | **(3,242,193)** | **(1,491,514)** |
| Приливи од издавање на удели | 5,755,232 | 7,917,410 |
| Одливи од откуп на удели | (2,576,080) | (6,362,140) |
| **Паричен тек од финансиски активности** | **3,179,152** | **1,555,270** |
| **Нето зголемување (намалување) на пари** | **(63,040)** | **63,756** |
| Пари на почеток на периодот | 664,287 | 285,433 |
| Пари на крај на периодот | 601,247 | 349,190 |

**Скопје,август 2018 година**

**Главен Извршен Директор**

**Коста Костадиновски**

ILIRIKA

**ИЛИРИКА ГРП – отворен инвестициски фонд**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

## 1. Основни податоци

ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ ПАЗАРИ – Отворен Инвестициски Фонд – Скопје (во понатамошниот текст „Фондот“) е отворен инвестициски фонд регистриран во регистарот на отворени инвестициски фондови при Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на 31 Октомври 2007 година во согласност со Законот за инвестициски фондови (Сл.весник на РМ бр.12/2009, 67/2010 , 24/2011 и 188/2013).

Фондот претставува посебен имот, без својство на правно лице, кој се основа со прибирање на парични средства од инвеститори преку продажба на удели во Фондот, а Друштвото истите ќе ги вложува во согласност со одредбите од Законот за инвестициски фондови, Статутот и Проспектот на Фондот. Фондот е во сопственост на имателите на удели. Покрај правото на сразмерен дел во добивката на фондот, сопствениците на удели имаат право во секое време да побараат исплата на уделот и на тој начин да излезат од фондот.

Со Фондот во негово име и за негова сметка управува Друштво за управување со инвестициски фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје во согласност со договорот за управување, проспектот и статутот на Фондот.

Согласно Решението на КХВ, одобрено е НЛБ Тутунска Банка АД Скопје да биде депозитарна банка на Фондот и со која е склучен Договор за вршење на работи на депозитарна банка од 30.10.2007 година.

Фондот е основан на неопределено време.

Друштвото смее да ги инвестира средствата на Фондот во следните инструменти:

- Хартии од вредност кои котираат или со нив се тргува на берза или се продаваат на пазар на пари или на друг регулиран пазар;
- Хартии од вредност од новите емисии, ако условите за нивно издавање содржат обврска за поднесување барање за вклучување на хартиите од вредност на некоја берза, пазар на пари или на некој друг регулиран пазар;
- Удели или акции на инвестициски фондови регистрирани во Република Македонија или држави кои се членки или не се членки на ЕУ и на ОЕЦД под услови кои се предвидени со Законот;
- Депозити во овластени банки во Република Македонија по услови предвидени со Законот;
- Термински и опциски договори и други финансиски деривативни инструменти со кои се тргува на регулирани пазари и/или деривативни финансиски инструменти со кои се тргува преку шалтер во согласност со Законот;
- Инструменти на пазарот на пари со кои не се тргува на регулираните пазари по услови предвидени со Законот.

## 2. Основа за составување на финансиските извештаи

### 2.1 Основ за составување на финансиските извештаи

Овие меѓупериодиски финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за инвестициски фондови ("Службен весник на Република Македонија бр.12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013") и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работење од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка ("Службен весник на Република Македонија бр. 195/2014"). Според овој правилник основните финансиски извештаи се изготвени во согласност со Правилникот за водење на сметководството ("Службен весник на Република Македонија бр. 94/2004, 11/2005, 116/2005 ") и меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Македонија.

Овие меѓупериодиски финансиски извештаи се изготвени за шестмесечниот период што завршува на 30 јуни 2018 година и се прикажани во Македонски денари (МКД), која е функционална валута на Фондот. Тие не ги содржат сите информации потребни за годишните финансиски извештаи и треба да се читаат заедно со годишните финансиски извештаи за годината што заврши на 31 декември 2017 година.

Овие меѓупериодиски финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Фондот на 23 август 2018 година

При изготвувањето на овие меѓупериодиски финансиски извештаи на Фондот, Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики опишани во Белешка 2. Сметководствените политики применети во овие меѓупериодиски финансиски извештаи се конзистентни со политиките применувани за годишните финансиски извештаи за фискалната 2017 година.

Подготвувањето на меѓупериодиските финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, бара примена на одредени сметководствени проценки. Исто така бара од раководството да примени расудување во процесот на примена на сметководствените политики на Фондот.

**Претпоставка за континуитет**

Придружните меѓупериодиски финансиски извештаи се подготвени според претпоставката дека Фондот ќе продолжи да работи во догледна иднина. Раководството на Друштвото управува со средствата на Фондот со цел да обезбеди негово непречено функционирање и максимизација на повратот за сопствениците на средства.

**ИЛИРИКА ГРП – отворен инвестициски фонд**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

**Користење на проценки**

При подготвувањето на овие меѓупериодиски финансиски извештаи, Раководството на Друштвото користи бројни проценки и разумни претпоставки кои имаат ефект на презентираните вредности на средствата и обврските, како и обелоденување на потенцијалните побарувања и обврски на датумот на подготовка на меѓупериодиските финансиски извештаи како и на приходите и расходите во текот на периодот на известување.

Овие проценки и претпоставки се базирани на информациите расположливи на датумот на подготовка на меѓупериодиските финансиски извештаи и идните фактички резултати би можеле да се разликуваат од овие проценки.

Најзначајната употреба на расудувања и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајни сметководствени политики и соодветните објаснувачки белешки се однесуваат на оштетувањето на финанските и нефинансиските средства, финансиските обврски и останати проценки кои може да влијаат на нето вредноста на имотот на Фондот.

**Споредливи износи**

Споредливите износи ги претставуваат меѓупериодиските финансиски извештаи за периодот кој завршува на 30 јуни 2017 година.

**2.2 Основни сметководствени методи**

Меѓупериодиските финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, со исклучок на вложувањата во хартии од вредност кои се вреднуваат според нивната објективна вредност.

**3. Основни сметководствени политики и проценки**

**3.1 Парични средства**

Паричните средства се водат според нивната номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, парите се состојат од парични средства во домашна валута на сметки во комерцијални банки.

Паричните средства на сметки во странска валута дневно се вреднуваат според средниот курс на Народна Банка на Македонија на денот на нивното вреднување.

### 3.2 Вложувања

Во согласност со МСС 39, сите вложувања односно финансиски средства се класифицирани во четири категории:

- Финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективна вредност преку билансот на успех);
- Финансиски средства расположливи за продажба;
- Заеми и побарувања и
- Вложувања кои се чуваат до доспевање;

Во текот на разгледуваниот период, Фондот има само вложувања во финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективната вредност преку билансот на успех).

Почетно, вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргувања се искажани по нивната набавна вредност, која што е објективна вредност на дадениот надоместок на истите. Трансакционите трошоци се вклучуваат во почетното мерење на финансиските средства.

Последователно, вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се мерат според нивната објективна вредност, без било какво намалување за трансакционите трошоци кои може да се направат при нивната продажба или друго отуѓување, определена според последната просечна пазарна цена на Берзата за истите на датумот на билансот на состојба. Вложувањата во хартии од вредност за кои не постојат објективни вредности се признаваат по нивната набавна вредност намалени за евентуални загуби од оштетување.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се признаваат во нето добивката или загубата за периодот во кој се јавува како нереализирани добивки и загуби од вложувања во хартии од вредност.

Вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување кои се изразени во странска валута се пресметуваат според средниот курс на валутата на Народна Банка на Македонија на денот на вреднувањето.

Објавените дивиденди од овие вложувања се вклучуваат како приходи од дивиденди.

Купопродажбата на вложувањата во хартии се признава на датумот на тргувањето, што претставува датум кога Фондот се обврзал да го купи или продаде средството. Капиталните добивки или загуби од ваквите продажби се признаваат како реализирани приходи или расходи од купопродажба на хартии од вредност.

### 3.3 Побарувања

Побарувањата се евидентираат во моментот кога настанува право на Фондот за побарување на одредени износи на парични средства. Побарувањата ги опфаќаат побарувања за дивиденди, камати, продадени хартии од вредност, а сеуште ненаплатени и сл.

### 3.4 Деловни обврски

Обврските на Фондот ги опфаќаат:

- Обврски за купување на вложувања во хартии од вредност;
- Обврски спрема друштвото за управување со фондови;
- Обврски спрема депозитарната банка и
- Други тековни обврски

Сите други обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегувааат од деловните трансакции.

### 3.5 Приходи

Приходите од реализирани добивки од продажба на вложувања, приходи од камата, реализирани позитивни курсни разлики и приходи од дивиденди се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат.

Приходите од камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат истите.

### 3.6 Расходи

Расходите ги опфаќаат реализираните загуби од продажба на вложувања, реализирани негативни курсни разлики, расходи од односи со друштвото за управување со фондови, надоместоци на депозитната банка и останати дозволени расходи на Фондот и се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат.

Расходите од односи на друштвото за управување со инвестициски фондови потекнуваат од надоместок во вид на управувачка провизија кој треба да го плати Фондот на Друштвото за управување со инвестициски фондови во висина од 2,5% годишно од нето вредноста на имотот на Фондот.

Расходот од надоместок на депозитарната банка потекнува од надоместок кој треба да го плати Фондот на избраната депозитарна банка во висина од 0,35% годишно од вредноста на нето имотот на Фондот. Ваквиот надоместок се пресметува на дневна основа.

Расходите спрема Комисијата за хартии од вредност потекнуваат од надомест во висина од 0,5 % на годишно ниво од нето вредноста на имотот на Фондот со состојба на крајот од претходната година.

### 3.7 Нереализирани добивки и загуби

Зголемувањето или намалувањето на вредноста на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување измерени по нивната објективна вредност се искажува во билансот на успех односно Извештајот на добивки и загуби на Фондот како нереализирани добивки или загуби.

### 3.8 Даноци

Фондот претставува посебен имот без својство на правно лице, па според тоа не е и обврзник за даноци.

### 3.9 Капитал

Фондот нема својство на правно лице, со оглед дека е основан и управуван од Друштвото за управување со фондови кое има својство на правно лице и претставува акционерско друштво. Поради ова, Фондот нема капитал, туку има само нето вредност на неговиот имот кој претставува разлика помеѓу вредноста на вкупниот имот и вкупните обврски на Фондот.

Сопствениците на удели од Фондот имаат право на учество во добивката на Фондот кое го остваруваат преку откуп односно продажба на уделите, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци.

### 3.10 Нето вредност на имотот на Фондот

Пресметката на нето имотот на Фондот по удели се врши согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд донесен од КХВ.

Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува врз основа на пазарната вредност на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и другите имотни вредности на фондот, со одземање на обврските на истиот ден.

Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на удели на Фондот на денот на вреднување. Нето вредноста по удел, вкупниот број на удели на инвестицискиот фонд, сите зголемувања и намалувања на бројот на удели се пресметуваат и изразуваат во четири децимални места. Минималната уплата за купување на удели изнесува 1.000 денари. Уделот на сопственикот му ги обезбедува следните права:

- Право на информираност;
- Право на учество во нето добивката на Фондот, кое се остварува со реинвестирање во Фондот, пропорционално на сите сопственици на удели во Фондот, согласно со Статутот и Проспектот;
- Право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели;
- Право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот.

## 3.11 Управување со ризици

Во текот на своето работење Фондот влегува во различни трансакции кои пред се се однесуваат на купување и продавање на хартии од вредност на различни организирани пазари на хартии од вредност, како и депонирање на парични средства во банки. Главните ризици на кои Фондот е изложен и политиките за управување со нив се следните:

### а) Валутен ризик

Фондот влегува во организиран и мал број на трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки на финансиски средства на странски или домашни пазари, при што истото се изложува на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

### б) Кредитен ризик

Фондот е изложен на кредитен ризик во случај кога издавачите на хартии од вредност или банките депоненти нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Фондот има политика со цел да се намали кредитниот ризик преку диверзификација на вложувањата.

Изложеноста на кредитниот ризик и структурата на вложувањата на средствата од имотот на Фондот се дадени во белешката за Структура на вложувања. Вложувањата во акции на домашни издавачи опфаќаат 38,27% од вкупните вложувања на Фондот, вложувањата во акции на странски издавачи опфаќаат 61,03,%, останати 0,70%.

### в) Каматен ризик

Фондот се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога вложува во должнички хартии од вредност и депозити во банки. Фондот нема значајни вложувања во вакви инструменти и поради тоа не е значајно изложен на каматен ризик.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од периодите е како што следува:

**ИЛИРИКА ГРП – отворен инвестициски фонд**
**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

| | 30,06,2018 | 30,06,2017 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некамашоносни:* | | |
| Останати побарувања | | |
| Вложувања за тргување | 64,506,890 | 50,623,474 |
| | **64,506,890** | **50,623,474** |
| *Камашоносни со йроменлива камаша:* | | |
| Парични средства | 349,194 | 601,251 |
| Побарувања | 106,402 | 263,306 |
| | **455,596** | **864,557** |
| *Камашоносни со фиксна камаша:* | | |
| - Вложувања во депозити | | |
| | | |
| | **64,962,486** | **51,488,030** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некамашоносни:* | | |
| Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати ообврски | 116,525 | 138,096 |
| Обврски кон друштвото за управување | 164,280 | 455,583 |
| Обврски кон депозитарна банка | 19,095 | 14,852 |
| Обврски по основ на дозволени трошоци | 20,328 | 17,472 |
| Обврски по основ на исплата на имател на удел | 13,363 | 124,500 |
| Останати обврски | 2,697 | 3,000 |
| | **336,288** | **753,503** |

**г) Пазарен ризик**

Пазарниот ризик произлегува од можноста за незадоволителен раст или пад на вредноста на вложувањата во хартии од вредност на Фондот. Со оглед дека најголем дел од имотот на Фондот се вложува во хартии од вредност постои зголемена можност за осцилации на пазарните цени на хартиите од вредност.

Политика на Фондот е диверзификација на портфолиото во различни хартии од вредност.

Фондот нема концентрација на пазарен ризик поголем од 10% кај еден издавач на хартии од вредност.

**д) Ликвидносен ризик**

Ликвидносен ризик произлегува од можноста одредена хартија од вредност да не може да се продаде на пазарот поради недоволна побарувачка за истата. Политика на Фондот е вложување во ликвидни хартии од вредност за кои постои константна побарувачка на пазарот од хартии од вредноста.

Сите финансиски средства и обврски на Фондот се со рок на доспевање од една година.